ООУ „ДАМЕ ГРУЕВ“ - с.Куклиш, Струмица

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За работата на училиштето
во учебната 2024/ 2025 година



В.Д.Директор:
**Валентина Пеливанова**

АВГУСТ, 2025 ГОДИНА

Појдовни основи при изработка на Годишниот извештај за работата на ООУ ”Даме Груев" - с.Куклиш, Струмица, за учебната 2024/25 година се следниве:

-  Законот за Основно образование, член 126 (“Службен весник на РМ“ бр.103/08) и член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/2002);
-  Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/ 2025 година, изработена врз основа на:
    -  Законот за Основно образование;
    -  Прирачникот за развојно планирање на училиштето;
    -  Заклучните согледувања на стручните органи за работа на училиштето за изминатата учебна година ;
    -  Годишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2023/ 2024 година;
    -  Согласно барањата од страна на Одделението за образование при општина Струмица и насоките дадени од страна на Комисијата за образование, култура и спорт при Совет на општина Струмица.

# СОДРЖИНА

I. ВОВЕДЕН ДЕЛ - ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

II. ПОДГОТВЕНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА РАБОТА НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

1. Изготвеност на потребните програми за работа на училиштето
2. Кадровски ресурси
3. Материјално технички ресурси
4. Почеток на учебната година

III. УПИС НА ДЕЦАТА ДОРАСНАТИ ЗА ОПФАТ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

IV. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА

1. Реализирани активности од материјално- технички карактер

2. Планирани и реализирани дуги воспитно-образовни содржини и активности
   - Слободни ученички активности
   - Ученички натпревари
   - Ученички екскурзии

V. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЧАСОВИТЕ ПО НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ И СРЕДЕН УСПЕХ ПО НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ

VI. РЕДОВНОСТ ВО НАСТАВАТА

VII.ИЗРЕЧЕНИ ПЕДГОШКИ МЕРКИ

VIII.ОСИПАНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ

IX. СРЕДЕН УСПЕХ НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА ГОДИНА

IX.1. ГОДИЧЕН СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

X. ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ

XI.РОДИТЕЛСКИ СРЕДБИ

# I. ВОВЕДЕН ДЕЛ
## Лична карта на училиштето

Име: ООУ "Даме Груев“
Адреса: с. Куклиш бб, Струмица
Тел/ факс: 034/ 340-670
e-mail: d.gruev@yahoo.com
**www.damegruev.co.cc**

Жиро сметка:160011515660314

Број на ученици: 246
Број на наставници: 42
Број на вработени: 56
Директор на училиштето:
***Валентина Пеливанова***

Со одлука на Владата на Република Македонија бр. 23-1887/ 1 од 18.05.1998 година, (Сл. весник на РМ бр. 45/ 98) Подрачното училиште на основното училиште "Никола Вапцаров" – Струмица, во с. Куклиш, се основа како самостојно основно училиште со седиште во населеното место Куклиш, со подрачните училишта: ППОУ-Костурино, ПОУ-Свидовица, ПОУ-Раборци, ПОУ-Мемешли, ПОУ-Орманли и ПОУ-Дорломбос, под името "ДАМЕ ГРУЕВ".

Со Решение бр.30820110000425 од 25.02.2011 година, издадено од Централниот регистар на Република Македонија, целосниот назив на училиштето е Општинско основно училиште "ДАМЕ ГРУЕВ" Куклиш Струмица, или ООУ "ДАМЕ ГРУЕВ" с.Куклиш, Струмица.

Населеното место Куклиш кое е сместено под падините на планината Беласица и се наоѓа на источната страна од градот Струмица, веднаш покрај патот што ја поврзува Струмица со Валандово, или поточно се простира покрај реката Тркајна, сега индустриски дел од градот Струмица.

Самото училиште се наоѓа во централниот дел на с.Куклиш. Старата училишна зграда е изградена 1958 година- од тврд материјал, а е пуштена во употреба 1960 година. Новата училишна зграда е градена етапно и тоа со средства од месен самопридонес, како и средства добиени од МОН, а е пуштена во употреба1994/ 95 година.

Најголемиот број на населението во населеното место Куклиш е земјоделски, со исклучок на неколку домаќинства, со евидентна емиграција на населението во странските држави, а посебно во Италија. По етнички состав населението го сочинуваат македонци.

Во населените места: Костурино, Свидовица и Раборци каде што се сместени подрачните училишта и од каде што ОУ "Даме Груев" прибира ученици, исто така, најголемиот број од населението е земјоделски, со исклучок на неколку домаќинства. По етнички состав населението го сочинуваат македонци.

Додека во населеното место Дорломбос, каде што е сместено подрачното училиште и од каде што ОУ "Даме Груев" прибира ученици, населението по етнички состав е од турска нациналност и таму наставата се изведува на турски наставен јазик.

Сите овие населени места и припаѓаат на општина Струмица, каде образовната структура на населението е на државно ниво, а според демографскиот состав најголем број се македонци, понатаму роми и турци и незначителен број останати.

# II. ПОДГОТВЕНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА РАБОТА НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА 2024/25 ГОДИНА

## 1. ИЗГОТВЕНОСТ НА ПРОГРАМИ

Во почетокот на учебната година беше изготвена Годишна програма за работа на училиштето во која беше јасно дефинирана Мисијата и Визијата на училиштето, како и ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ
Во оваа учебна година како подрачје на промени и приоритети нашето училиште се определи за:

- Училишна култура;
- Училишна клима.

Како потреба од аспект на подобрување на училишната култура се определивме за:

- ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНА НАСТАВА

( подобрување на квалитетот на наставата),
Преку:

- СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР ЗА ПРИМЕНА НА СОВРЕМЕНИ ТЕХНИКИ И МЕТОДИ ВО НАСТАВАТА, односно перманентен професинален развој на сите наставници како битна компонента за подобрување на квалитетот во наставата, особено за работа онлајн и слично;
- ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ;
- ПОДИГАЊЕ НА СОРАБОКАТА СО РОДИТЕЛИТЕ НА ПОВИСОКО НИВО ЗАРАДИ УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА.

**Покрај Годишната програма за работа на училиштето, во почетокот на учебната година беа изготвени и следниве Програми:**

- Годишна програма за работа на директорот на училиштето;
- Годишна програма за работа на помошник директорот на училиштето;
- Годишна програма за работа на стручните служби (педагог, психолог, библиотекар);
- Годишен личен план за професионален развој на секој вреботен;
- Годишна програма за воспитно делување на училиштето;
- Годишни глобални и процесно-развојни планирања на наставниците по сите наставни предмети;
- Годишна програма за работа на Наставнички совет;

-  Годишна програма за работа на Одделенски совет;
-  Годишна програма за работа на Воннаставните активности;
-  Годишна програма за работа на Стручните активи;
-  Годишна програма за работа на Училишниот одбор;
-  Годишна програма за работа на Совет на родители;

-  Годишна програма за соработка на училиштето со семејствата;
-  Годишна програма за соработка на училиштето со локалната средина;
-  Пограма за изведување ученички екскурзии;
-  Програма за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем (интегрирано планирање во наставата);
-  Програма за професионална ориентација на учениците од VIII и IX одделение.

*Сите овие Програми беа приложени во Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година.*

Исто така за непречен почеток на учебната година, почитувајќи ги Насоките за спроведување на процедурите за определување на учениците за изборните предмети во основното образование (доставени од МОН и БРО), оваа година беа одржани средби со родителите на учениците од VI до IX одделение на кои присуствуваа нивните одделенски раководители и директорот на училиштето.

На овие средби родителите беа запознати со измените и дополнувањата на наставните планови за воспитно-образовната дејност во основното деветгодишно образование, од страна на Министерството за образование и наука, им беа дадени потребните информации за изборните предмети кои ќе можат нивните деца, по сопствен избор да ги изучуваат од VI до IX одделение. Родителите и учениците на овие средби се одлучија за следниве изборни предмети (истите се изучуваат со по два часа неделно во оваа учебна година):

- Запознавање на религиите;
- Вештини на живеење;
- Проекти од ликовно образование;
- Изборен спорт.

За успешен почеток на оваа учебна година беа извршени и следните подготовки

## 2. Кадровски ресурси

Во оваа учебна година во училиштето се вработени вкупно 55 лица, од кои:

- 1 директор..............................................високо о.
- 1 помошник директор...........................високо о.
- 1 педагог..................................................високо о.
- 1 психолог...............................................високо о.
- 1 библиотекар.........................................високо о.
- 20 наставници во предметна настава.. 19 високо о., 1 средно о.
- 22 наставници во одделенска настава..19 високо о., 2 вишо и 1 средно о.
- 1 секретар................................................високо о.
- 1 хаус – мајстор.....................................средно о.
- 7 хигиеничари.......................................4 средно о., 3 основно

## 3.ПОДГОТОВКИ ОД МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕР

За успешен почеток на оваа учебна година беа извршени и следните подготовки од материјално-технички карактер:

- Се изврши увид во постоечките нагледни средства по сите наставни предмети, како во одделенска така и во предметна настава и во централното и во подрачните училишта и се изготви приоритетна листа за набавка на истите;

- Беа извршени сите неопходни поправки на училишниот инвентар како во централното така и во подрачните училишта (поправени столчиња, клупи, прозори, врати,брави);

- Во сите училишта се изврши потребното варосување и боење на училниците и сите други простории:

- Беше извршена редовната дезинфекција, дезинсекција и дератизација, комплетно на цекиот објект, според сите стандарди;

- Беше саниран секој проблем со интернет мрежата во училиштата.

## 4. ПОЧЕТОК НА УЧЕБАНТА ГОДИНА

Оваа учебна година наставата започна на 2-ри Септември.

Учебната 2024/2025 година ја започнавме со вкупно 244 ученици. Од нив сите 244 (142 машки и 101 женски) следат настава на македонски јазик.

# III. УПИС НА ДЕЦАТА ДОРАСНАТИ ЗА ОПФАТ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во месец Мај 2024 година се спроведе запишувањето на децата во I одделение, дораснати за опфат во основното образование. ***За учебната 2024/2025 на упис се јавија вкупно 25 ученици, од кои 23 се од македонска националност и 2 од турска националност .***

Подетален преглед следи во табелата:

Е

## СЕПТЕМВРИ, 2024 ГОДИНА

| НАСЕЛЕНО МЕСТО | ВКУПНО | М | Ж | РОДЕНИ 2019 | | РОДЕНИ 2018 | | РОДЕНИ 2017 | | ПРОЦЕНТ | | БРОЈ НА ПАРАЛЕЛКИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| КУКЛИШ | 15 | 7 | 8 | 7 | 7 | 0 | 0 | 0 | 1 | 46.66 | 53.33 | 1 ЧИСТА |
| КОСТУРИНО | 3 | 3 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100 | 0 | 1 ЧИСТА |
| СВИДОВИЦА | 6 | 5 | 1 | 5 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 83.33 | 16.66 | 1 -КОМБИНАЦИЈА I, II, IIII |
| РАБОРЦИ | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100 | 0 | I, IV |
| ВКУПНО | 25 | 16 | 9 | 16 | 7 | 0 | 1 | 0 | 1 | 64.00 | 36.00 | 2 чисти, 2 комбинирани |

## ПРЕГЛЕД НА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ ПО ПАРАЛЕЛКИ И ПОДРАЧНИ УЧИЛИШТА НА СТАРТОТ НА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Во летниот период и конечно на почетокот на учебната година беше преиспитан и бројот на учениците како во централното, така и во подрачните училишта, како и бројот на паралелките, при што оваа ***учебна 2024/2025 година во нашето училиште стартуваа вкупно 242 ученици*** од I до IX одделение, распоредени во вкупно 27 паралелки (3 комбинирани и 23 чисти) и тоа:

| Одд. / Населено место | I | II | III | IV | V | I-V | VI | VII | VIII | IX | VI- IX | I- IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Куклиш** | 16 | 15 | 20 | 21 | 21 | 93 | 28 | 17 | 17 | 18 | 80 | 173 |
| **Костурино** | 6 | 4 | 4 | 7 | 6 | 27 | 4 | 7 | 5 | 7 | 23 | 50 |
| **Свидовица** | 3 | 2 | 2 | 6 | 4 | 17 | | | | | | 17 |
| **Раборци** | | | 1 | | 1 | 2 | | | | | | 2 |
| **ВКУПНО** | 25 | 21 | 27 | 34 | 32 | 139 | 32 | 24 | 22 | 25 | 103 | 242 |

Во текот на првото полугодие, има испишано 2 ученици: 2 машки од VI и VIII одд.од училиштето во с.Куклиш (иселени во странство), а придојден 1 ученик во VI одд. во училиштето во с.Куклиш (истиот ученик кој се испиша и повторно се врати)

**Со тоа второто полгодие го започнуваме со 241 ученици – како што се гледа во следната табела**

# ПРЕГЛЕД НА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ ПО ПАРАЛЕЛКИ И ПОДРАЧНИ УЧИЛИШТА НА КРАЈОТ ОД ПРВО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| Одд.<br>Населено место | I | II | III | IV | V | I-V | VI | VII | VIII | IX | VI- IX | I- IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Куклиш** | 16 | 15 | 20 | 21 | 21 | 93 | 28 | 17 | 16 | 18 | 79 | 172 |
| **Костурино** | 6 | 4 | 4 | 7 | 6 | 27 | 4 | 7 | 5 | 7 | 23 | 50 |
| **Свидовица** | 3 | 2 | 2 | 6 | 4 | 17 | | | | | | 17 |
| **Раборци** | | | 1 | | 1 | 2 | | | | | | 2 |
| **ВКУПНО** | 25 | 21 | 27 | 34 | 32 | 139 | 32 | 24 | 21 | 25 | 102 | 241 |

Во второто полугодие немаше движење на учениците со што бројката на ученици на почетокот на второто полугодие и на крајот од учебната 2024/2025 останува ист.

**ПРЕГЛЕД НА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ ПО ПАРАЛЕЛКИ И ПОДРАЧНИ УЧИЛИШТА НА КРАЈОТ ОД УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

Со тоа учебната година ја завршиле вкупно 241 ученик, односно 237 ученици, а 4 ученици се упатени на одделенски испит.

Исто така беше организиран и одделенски испит за ученичката Мелани Црнгарова која во учебната 2024/2025 година заврши VII одделение со одличен успех. За неа беше овозможено да полага Одделенски испит по сите наставни предмети предвидени со план и програма за VIII одд. односно и беше овозможена акцелерација од VII во IX одд. Ученичката ги положи сите наставни предмети со успех Одличе 5, со што во наредната 2025/26 година таа од VII одд. преминува во IX одд.

Со тоа годината ја завршија вкупно 237 ученици, а четворицата ученици упатени на Одделенски испит, бидејќи не се појавија на испитот не го преминаа одделението и повторно останаа во истото одделение.

| Одд. / Населено место | I | II | III | IV | V | I-V | VI | VII | VIII | IX | VI- IX | I- IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Куклиш | 16 | 15 | 20 | 21 | 21 | 93 | 28 | 17 | 16 | 18 | 79 | 172 |
| Костурино | 6 | 4 | 4 | 7 | 6 | 27 | 4 | 7 | 5 | 7 | 23 | 50 |
| Свидовица | 2 | 2 | 2 | 6 | 4 | 17 | | | | | | 17 |
| Раборци | | | 1 | | 1 | 2 | | | | | | 2 |
| ВКУПНО | 25 | 21 | 27 | 34 | 32 | 139 | 32 | 24 | 21 | 25 | 102 | 241 |

**ВКУПЕН БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ЗАПИШАНИ ВО ЧИСТИ ПАРАЛЕЛКИ ВО ООУ„ДАМЕ ГРУЕВ“ – КУКЛИШ,**

***Македонски наставен јазик***

| ОДДЕЛЕНИЕ | ПАРАЛЕЛКИ | БРОЈ НА УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| I | 2 | 22 |
| II | 3 | 19 |
| III | 3 | 24 |
| IV | 3 | 28 |
| V | 3 | 27 |
| VI | 3 | 32 |
| VII | 2 | 24 |
| VIII | 2 | 21 |
| IX | 3 | 25 |
| ВКУПНО | 24 | 222 |

**ВКУПЕН БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ЗАПИШАНИ ВО КОМБИНИРАНИ ПАРАЛЕЛКИ**

| **МЕСТО** | **БРОЈ НА УЧЕНИЦИ** | **ПАРАЛЕЛКИ** |
|---|---|---|
| | | Комбинација од I доV одд. |
| СВИДОВИЦА | 17 | 2 |
| РАБОРЦИ | 2 | 1 |
| **ВКУПНО** | **19** | **3** |

# IV. РЕАЛИЗИРАНИ АКИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА УЧЕБАНТА ГОДИНА

1. Реализирани активности од материјално - технички карактер

На почетокот на учебната година при определување на Подрачјата на промени и приоритети нашето училиште се определи за:

**Подобрување на училишната клима преку:**

- Подобрување на работните услови во подрачното училиште во с.Костурино со пет инвертер клими.

## 2. ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ И ДРУГИ ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНИ СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

Учебната година започна на втори септември со приемот на најмалите ученици во училиштето. Најпрво директорката им п

осака добредојде, а поотоа одделенските раководители им приредија топол пречек во преубав амбиент кои самите го аранжираа.

# Прием на првачиња



На ден 20.09.2024 година се реализираше есенска прошетка и се засадија садници со дрвја во училишниот двор.



На ден 23.09.2024 година се реализираше предавање на учениците од III, IV и V одделение на тема "Заштита од неексплодирани убојни средства", реализирано од страна на Здружението на пиротехничари - деминери “Стоп неексплодирани мини” со подршка од Општина Струмица.







На ден 27 септември беше реализирана вонnаставна активност по предметот ФЗО, прошетка со учениците од ООУ,,Даме Груев,,од с.Куклиш и ООУ ,,Сандо Масев,,од Струмица до Колешински водопади, активност која се одржува со соработка на родителите.



Оваа година Детската недела се одржа (од 07 до 13 октомври) под мотото: “Правата на детето – безбеден чекор кон среќно детство“ . Во текот на оваа недела беше истакнато дека сите деца имаат еднакви права и на сите треба да им се даде неопходната поддршка и овозможат еднакви можности. Одговорноста за децата е на целата заедница, на сите нас. Светот останува на децата и претставува предизвик да ги научиме да ги спознаат вистинските вредности во животот и да им дадеме сила да истраат и да успеат во овој свет. Беа истакнати одредбите од Конвенцијата за правата на детето.

Учениците од ООУ "Даме Груев"- Куклиш како и од подрачните с. Костурино, с.Раборци и с. Свидовица, симболично ја одбележаа Детската недела со оставање отпечатоци од рачињата на хамери и истакнување на правата на децата.

По повод Детската недела и приемот на првачињата во Детската организација ги спроведовме следните активности:

1. На часот по Ликовно образование беа дадени насоки и изработени ликовни творби за ликовниот конкурс на истата тема;
2. На часот по Македонски јазик заедно во еден глас ја рецитираа песната (заклетва)„Ветување“;
3. Прием на првачиња во Детската организација.


За поубав детски свет
СТОЛЕ
ТИАНА
ЃОРЃИ
БРАНКИЦА
АНА
ДАВИД
АНДРЕЈ
ЈОВАН
ЕВА
ЛИЛЈАНА
СОФИЈА
НИКОЛА
ВАСИЛ



## ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНАТА ТРИДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА НИЗ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНЕ

**Изведувач: ТА Сафари**

**Учесници: учениците од девето одделение**

**Одговорни наставници: класните раководители – Александра Ѓурчиноска Трајкова, Софија Котева и Александар Јанков**

**Време на реализација: 16, 17 и 18, – 10. - 2024 год.**

Во 7:30ч. На ден 16.10.2024, автобусот на ТА Сафари беше пред училишниот двор во Куклиш, од каде што требаше да тргнеме на планираната екскурзија. Откако проверивме дали се сите ученици на број и ги добивме потребните документи( Патен налог и Програма за реализација на екскурзијата), тргнавме кон Костурино. Во Костурино, според договорот, веќе не чекаа учениците. Заедно со учениците од Костурино на екскурзија тргнаа вкупно 23 ученика и ние, одделенските раководители : Александра Ѓурчиноска Трајкова, Софија Котева и Александар Јанков.

Со нас беше и водичот на агенцијата и лекарот, кој треба да се грижи за здравјето на учениците за време на екскурзијата, ангажиран од ТА Сафари.

На пат кон Охрид, најпрво го посетивме античкиот локалитет Стоби кој се наоѓа во близина на градот Кавадарци. Тоа бил мал град од доцниот четврти век пред нашата ера. Подоцна тој прераснува во голема заедница особено во времето на римскиот император Август и продолжува да се развива како урбан центар до доцниот шести век во новата ера. Ископувањата покажуваат дека има најмногу подни мозаици на мала површина со голема уметничка вредност.






Во Битола го посетивме античкиот локалитет Хераклеја Линкестис, каде учениците се запознаа со градбите, амфитеатарот, подните мозаици и значењето на тој антички град, чиј живот згаснал во шестиот век.  Потоа ручавме во ресторанот Империјал , по што следеше прошетка низ Широк Сокак и разгледување на градот Битола. Во Битола, по сончево време се задржавме до 16 часот, како и што беше испланирано.







Потоа се упативме кон Струга, каде што го прошетавме центарот на градот и познатиот мост на реката Црн Дрим. По кратката прошетка низ Струга се упативме кон Охрид каде бевме сместени во хотел Славија. Во хотелот не пречекаа со топола вечера. По вечерата децата се забавуваа.



Следниот ден, по појадокот, го напуштивме хотелот и се упативме кон Св. Наум, каде попат го посетивме и Музеј на вода „Залив на Коските“. Наколните населби биле градови правени на платформи, кои стоеле на дрвени колци забодени на дното на езерото. На тие наколни платформи се наоѓале куќите на праисториските луѓе, кои со подвижен мост биле споени со брегот.








По разгледувањето на Музејот на вода се упативме кон Св. Наум. Манастир изграден на висока карпа, над самото Охридско Езеро. Под Св Наум се наоѓа изворот на Црн Дрим каде температурата на кристално бистрата вода никогаш не преминува 11 степени, но на водните желки и охридската пастрмка таа воопшто не им пречи, како ни на лебедите,  дивите патки и дивите кокошки.








По ручекот, го напуштивме хотелот и се упативме кон стариот град да ја реализираме планираната прошетка. Од центарот на Охрид се упативме кон стариот град.

Првата знаменитост што ја посетивме беше Куќата на Робевци, која што е позната по тоа што тоа било познато трговско семејство од Охрид. Тие таму живееле во 19век. По пат ја посетивме најстарата целоснозачувана црква св.Софија која за време на турско била претворена во џамија но фреските од тоа време сеуште се зачувани, бидејќи , во турско не биле уништени туку само покриени со друг материјал. Обновена и реставрирана е во поново време . Во годниот дел од стариот

град го посетивме античкиот амфитеатар кој датира уште од 3 век , во него се одржувале гладијаторки борби и борни со животни за време на римското владеење. Обновен е амфитеатарот 1960 годи и во 1999год, сега неговата сцена служи за одржување на културно уметнички настани. Попат ја посетивме една од најубавите цркви во Охрид , црквата св.Богородица Перивлепта во која биле дел од моштите на св.Климент, таа датира од 15 век, денес во нејзиниот двор се наоѓа и зградата на Охридската Архепископија.














Поминавме покрај Самоиловата тврдина и ја видовме нејзината восхитувачка градба. Под Самоиловат тврдина се наоѓа бисерот на Охрид, црквата посветена на св.Климет Охридски и св.Пантелејмон - Плаошник, која била првиот универзитет на Балканот од каде се шири Словенската писменост. Веднаш под Плаошник се наоѓа најсликана и најфотографирана црква св.Јован Богослов – Канео, од каде што има поглед на целото Охридски езеро, бисерот на Макеоднија. Од каде се упативме

кон разгледување на новиот дел на градот и охридската чаршијата. Во хотелот се вративме на вечера, а по вечерата организиравме забава за учениците во ресторанот на хотелот.





После појадокот се упативме кон најпознатиот манастир св.Јован Бигорски каде престојува нашето монашко братство. За тој манастир е врзана богата историја и неверојатна градба. Особено внимание привлекува резбата на олтарниот дел која е изработена од врвни македонски мајстори во резбарскиот занает. Од таму се упативме кон националниот парк Маврово каде што ручавме во ресторанот Маврови Анови и направивме кратка пауза.

 

Со пристигнувањето во Скопје имавме агенда да го посетиме музејот на македонската борба, каде хронолошки и со восочни фигури е пркажана целата наша историја .





Го разгледавме плоштадот и слободното време го искористивме за посета на трговски центар Веро. Околу 18:30ч се упативме кон Струмица, а во 20:00ч сите ученици беа вратени дома, побогати со едно ново искуство, впечатоци и знаења за истоијата и културата на Македонија.

**Извештај од дводневна екскурзија**

Реализирана од 17.10 до 18.10.2024 год. низ Македонија со учениците од VI одделение.

На ден 17.10.2024 година (четврток) со учениците од ООУ„ Даме Груев“ с.Куклиш и учениците од подрачното училиште во с.Костурино, наутро тргнавме кон нови авантури и познанства. Дводневната екскурзија вклучуваше посета на различни историски и културни локации. Првиот ден го започнавме со посета на археолошкиот локалитет Стоби, каде што го истражувавме археолошкото наоѓалиште и научивме за историјата на оваа важна древна цивилизација.





Потоа се упативме кон Крушево каде ручавме, а по ручекот го посетивме музејот посветен на Тоше Проески, каде се запознавме со животот и делото на овој историски лик. По завршената обиколка на музејот, се упативме кон посета на Македониумот, еден од најважните симболи на македонската државотворност.






По кратката прошетка низ Крушево, тргнавме кон Скопје каде во вечерните часови се сместивме во преубавиот хотел Вип.

Вториот ден после доручекот, се упативме кон зоолошката градина , каде што учениците имаа можност да ги разгледаат животните кои што ги нема на територијата на државата. По посетата на зоолошката градина се упативме кон Природно-научниот музеј каде што учениците се запознаа со богатствата што се наоѓаат на територија на Македонија.






По посетата на Природно-научниот музеј се упативме на ручек во ресторанот Лезет, а оттаму се упативме кон плоштадот Македонија каде го посетивме и музејот посветен на Мајка Тереза.








По прошетката низ центарот на Скопје се упативме назад кон с. Куклиш. Се вративме во вечерните часови со богатство на нови знаења и впечатоци, носејќи со себе знаења за историјата и културата на Македонија.

По повод Неделата на италијанскиот јазик во светот под мотото : ,,L'italiano e il libro - Ii mondo fra le righe"🇮🇹 ,,Креативност, многу забава и поука",  ООУ,,Даме Груев" - Куклиш ( 6 и 7 одделение), под менторство на проф. Ѓургица Грнчарова, имаа низа активности:




10 motivi per
leggere
10/24/2024 08:26


MONCLER
10/24/2024 07:59

На ден 05.11.2024 година се одржа предавање на тема ,,Врсничко насилство" од страна на вработени во Отсек за превенција при СВР Струмица. Учениците преку презентација и интерактивно вклучување беа запознати со тоа што е врсничкото насилство, какви видови на врсничко насилство има, како да препознаат насилник и жртва и како истото да се пријави.



# НОВОГОДИШНИ АКТИВНОСТИ

Изработка на новогодишни декорации и честитки (лампиони и честитки),украсување и разубавување на училниците во новогодишен амбиент.







На ден 23-ти Декември, ООУ "Даме Груев"- Куклиш го одбележува Патрониот празник на училиштето.







# Активности по повод празникот на училиштето



Сабота 25.01.2025 година, **вонннаставна активност**, еднодневна прошетка до Пониква, Кочани со учениците од ООУ “Даме Груев,, од с.Куклиш.



16.02.2025 година, по повод 121-годишнината од опожарувањето на Куклиш, пред Спомен костурницата во селото се одржа Панихида за паднатите жртви, а беше положено и свежо цвеќе.
Пригоден реферат читаа ученици од нашето училиште:
Павлинка Јанева, Теа Начева, Снежана Малинова, Ели Савета Китанова, Љупче Мицев.
Рецитатор: Васко Христов





18.02.2025 година, учениците од IX одд. од нашето училиште заедно со наставниците, беа во посета на ДСУ РЦСОО "Никола Карев", Струмица. Целта на посетата беше присуство на презентација, која беше и нивна последна активност од проектот "Една планета - една дестинација - да го обновиме еко системот", спроведен во текот на претходните 2 години во рамките на Erasmus+ програмите. На презентација беа претставени сите активности и резултати од овој проект и неговото значење за учеснците но и за подигање на колективната свест за проблемите во животната средина.



24.02.2025 година, предавање на тема "Ментално и нутритивно здравје" за учениците од VII,VIII и IX одделение. Предавачи беа д-р Ангелчо Андоноваски,педијатар, д-р Оливер Алексовски,физијатар и д-р Иван Проданов,специјализант по Спортска медицина.



## Активности по повод карневал











# Одбележување на 8 Март




adidas

На ден 01.04.2025 година се спроведе симулациска вежба за евакуација и спасување на учениците и вработените при избувнување пожар во училиштето. Вежбата започна со дојава за пожар до противпожарната единица во Струмица, чијашто екипа пристигна на местото за неколку минути. Во меѓувреме започна евакуацијата на учениците од училниците. По активирањето на звучниот сигнал за пожар, сите ученици и наставниот кадар, следејќи го однапред утврдениот редослед, ја напуштија училишната зграда.

Целта на ваквата вежба е учениците и училишниот кадар да се подготват за евакуација и да знаат како да постапат во случај на пожар. Вежбите се спроведуваат согласно Планот за евакуација при несреќи и елементарни непогоди.

Оваа вежба имаше едукативен и превентивен карактер, насочена кон подготвеност за правилна евакуација и преземање неопходни чекори за заштита од пожар, најпрво на луѓето, а потоа и на материјалните добра. Вежбата беше успешно реализирана, а ваков тип на активности ќе се спроведуваат редовно во текот на целата учебна година.



На ден 17.04.2025 година се одржа хуманитарен Велигденски хепенинг.



09.05.2025 година, Генералка викенд, Еко час





Саемот на книга 2025 година, водечкиот литературен настан во нашата држава, оваа година се одржа под мотото: "Храна за душа", нагласувајќи ја способноста на пишаниот збор да инспирира, едуцира и да го збогатува животот.
Оваа манифестација е повеќе од можност за откривање нови книги, размена на идеи и уживање во специјални попусти и промоции.
На 13.05.2025 год. нашите ученици во голем број и со голем интерес го посетија Саемот на книга во Скопје, под водство на наставниците: Марија Абрашева, Јане Вучков и Васе Велков кои се погрижија се' да помине во најдобар ред.



На ден 21.05.2025 година во посета на нашето училиште беа претставници од здравствената установа, Поликлиника Ели-Медика Струмица, Анита Христова од одделот за човечки ресурси и м-р д-р Ѓорги Јанев PhD.
Целта на нивната посета беше, одблиску на нашите полуматуранти, пред кои сега стои една важна одлука при запишување во средно училиште, да им се објасни што е тоа медицина и кои се можностите за понатамошно образование или работни позиции за кои може да се квалификуваат преку изучување на медицинските профили.



**Извештај од настава во природа организирана за учениците од петто оделение ООУ „Даме Груев„ Куклиш**

Од 19 до 23.05.2025 година беше организирана настава во природа со учениците од ООУ„ Даме Груев„ Куклиш во Струга. За време на наставата во пророда учениците имаа можност да постат повеке историски знаменитости, цркви, манастири, музеи, археолошки наоѓалишта и други значајни места во Република Македонија. Најпрво на пат кон Струга го посетивме археолошкиот локалитет Стоби. Во Струга беа посетени Музејот, Мостот на Поезијата на реката Црни Дрим, Вевчанските извори. Во Охрид беа посетени Манастирот Св.Наум, Заливот на коските, Билјанините извори, Споменикот на браќата Св.Кирил и Методиј. Учениците имаа можност да посетат работилница за рачна изработка на хартија во Охрид, Самуиловата тврдина, Амфитеатарот во Охрид, Црквите Света Софија, Свети Пантелејмон-Плаушнок, Црквата Свети Јован Канео, Пристаништето во Охрид, Изворот на реката Црни Дрим кај Св. Наум.Учениците имаа можност да прошетат по брегот на најголемото природно езеро во Македонија –Охридското Езеро, Старата градска чаршија во Охрид. Последниот ден беше организирана прошетка на Широк сокак во Битола и посета на саат кулата во Битола.



## ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНАТА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ВО СКОПЈЕ СО УЧЕНИЦИТЕ ОД ТРЕТО И ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ

**Изведувач: ТА Сафари**
**Учесници: учениците од трето и четврто одделение**
**Одговорни наставници: одделенски наставници – Зорица Димовска- Митева, Зуле Михаилова, Цонка Стојанова, Софија Алтанџиева, Елизабета Стојчева**
**Време на реализација: 28. 05. 2025 година**

На ден 28. 05.205, во 7:30 часот автобусот на ТА Сафари беше пред училишниот двор во Куклиш, од каде што требаше да тргнеме на планираната екскурзија. Откако проверивме дали се сите ученици на број и ги добивме потребните документи( Патен налог и Програма за реализација на екскурзијата), тргнавме кон Скопје. Заедно со учениците од Костурино на екскурзија тргнаа вкупно 44 ученика и ние, одделенските раководители : Зорица Димовска- Митева, Зуле Михаилова, Цонка Стојанова, Софија Алтанџиева, Елизабета Стојчева.

Со нас беше и лекарот, кој треба да се грижи за здравјето на учениците за време на екскурзијата, ангажиран од ТА Сафари. Попатно ја разгледувавме природата и ги забележувавме попатните знаменитости.

Пристигнавме во Скопје и најпрво го посетивме Меѓународниот аеродром. Откако беа завршени сите формалности околу пријавувањето, со вработен од аеродромот пристапивме кон разгледување на истиот, децата добија објаснување за начинот на кој патниците ги добиват информациите, каква е процедурата за патување и откако го разгледавме аеродромот во внатрешноста отидовме на пистата каде децата имаа можност да видат како авионите ги спремат за полетување, во тој момент имаше слетувања на два авиона и децата со возбуда и радост го гледаа тоа.

Откако завршивме со разгледувањето на аеродромот се упативме кон спомен- куќата на Мајка Тереза. Ја разгледавме внатрешноста на изложбениот простор и од страна на кустос децата беа запознаени со животот и делото на Мајка Тереза. Спомен –куќата е изградена и посветена на најхуманата жена на светот, најпозната скопјанка и единствена нобеловка од Македонија.

Најзначајни предмети изложени во музејот се белото сари со сини ленти кое е нејзин знак на распознавање и воедно официјална униформа на Мисионерките на Милосрдието, копија од крштеницата издадена во католичката црква „Пресвето срце Исусово", авторизирани копии од документи со нејзин ракопис и добиени награди. Меѓу документите се изложени и молитвеникот напишан од Мајка Тереза, копија од Нобеловата награда за мир добиена во 1979 година, како и копија од писмото пратено до градоначалникот на град Скопје, Методи Антов, по повод добивањето на наградата. Поставката располага со многубројни фотографии кои на најдобар начин ја доловуваат хуманитарната работа на Мајка Тереза и на сестрите од нејзиниот ред. Откако завршивме со разгледувањето на спомен-куќата направивме прошетка низ плоштадот Македонија во Скопје, ги видовме споменициte на дејците од македонската историја. Потоа се упативме кон ресторантот каде ручавме и направивме кратка пауза. По ручекот учениците се забавуваа во игротеката и на игралиштето кои беа во склоп на ресторантот. По паузата отидовме во зоолошката градина каде направивме обиколка и ја видовме колекцијата на животни со која располага зоолошката градина во Скопје.

Околу 18:30ч се упативме кон Струмица, а во 20:00ч сите ученици беа вратени дома, побогати со едно ново искуство, впечатоци, знаења и продлабочено другарство.




МАЈКА ТЕРЕЗА




ГРАДСКО ТОБАКО
OPEN 24/7
SKOPJE ZOO
СКОПЈЕ ЗОО SHKUP ZOO
ЈУ ЗООЛОШКА ГРАДИНА СКОПЈЕ

## РЕАЛИЗИРАНИ РАБОТИЛНИЦИ, ЕДУКАТИВНИ ПРЕДАВАЊА НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА ПРИ ООУ„ДАМЕ ГРУЕВ“ - КУКЛИШ, ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

| Ред. Бр. | Планирана активност | Време на реализација | Носител | Реализатори | Учесници |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **„Грижа за себе е грижа за тебе“**<br><br>(Работилница за разбирање на терминот „ментално здравје“ и значењето на грижата за сопственото ментално здравје ) | Октомври, 2024 | Психолог | Психолог | Наставници |
| 2. | **„Адолесценција и ментално здравје“** (работилница за значењето на менталното здравје во периодот на бурни промени во развојот - адолсценцијата) | Ноември, 2024 | Педагог | Педагог | Наставници |
| 3. | **“Самоконтрола“**<br>( Работилница) | Декември, 2024 | Психолог | Психолог | Ученици од IX одделение |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | **„Организирање на времето и справување со прокрастинација“** (Работилница) | Јануари, 2025 | Педагог | Педагог | Ученици од VII одделение |
| 5. | **“Активно слушање“** ( Работилница ) | Февруари, 2025 | Психолог | Психолог | Ученици од VIII одделение |
| 6. | **„Толеранција“** (Работилница) | Март, 2025 | Педагог | Педагог | Ученици од VIII одделение |
| 7. | **“Здрави животни навики“** ( Работилница ) | Април, 2025 | Психолог | Психолог | Ученици од VI одделение |
| 8. | **„Развивање на благодарноста“** (Работилница) | Мај, 2025 | Педагог | Педагог | Ученици од IX одделение |

**УЧЕСТВО НА НАСТАВНИЦИТЕ НА НАТПРЕВАРИ И КОНКУРСИ - МЕНТОРСТВО**

**И ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

| **Наставник** | **Натпревар/ конкурс** | **Организиран од...** | **Дата** | **Бр. на учен.** | **Освоено место/награда** |
|---|---|---|---|---|---|
| ***1.Марија Абрашева*** | Новогодишен литературен конкурс: “Новогодишна желба“ | Дом за деца и млади "Благој Јанков Мучето" | 18.12.2024 | 5 | / |
| | Литературен конкурс по повод 8 Март | Дом за деца и млади "Благој Јанков Мучето" | 25.02.2025 | 10 | / |
| ***2.Ратко Кршков*** | Машки мал фудбал | | 25.10.2024 | | / |
| | Женска екипа во мал фудбал | | 21.11.2024 | | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***03.Софија Алтанџиева*** | Конкурс на тема "Хероите носат униформа - но и срце" | Библиотека "Благој Јанков Мучето" | 07.05.2025г | 2 | **Благодарници за учество** |
